# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-15
08.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До [redacted]


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван [redacted]

Ви благодариме за забелешката дека одредени телевизии, со дозвола за работа на државно ниво, не ја почитуваат целината на предупредувачката сигнализација, односно – знакот за одредена категорија програма, составен од: боја, бројка, елементарна геометриска форма, испишан и прочитан/изговорен текст - го применуваат по најстарата верзија од Правилникот за заштита на малолетните лица, усвоен уште од февруари 2007 година.

Со увид во програмата на телевизиите беше констатирано оти: кај некои од нив, при емитувањето на пропишаната предупредувачка сигнализација, недостига бројката (на пример: „8+") во жолтиот круг, а кај други, пак, бројката е изоставена од прочитаниот/изговорениот текст за најавата на програмата, иако самиот предупредувачки текст е испишан во целина. Што се однесува, пак, на графичкиот изглед на предупредувачките знаци, таков каков што е сликовито назначен во Правилникот – тој не е воедначен, со оглед на различните технички можности на секоја од телевизиите поединечно.

На одговорните уредништва соодветно ќе им биде посочено во кој детаљ грешат.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
по овластување од директорот,

м-р Драгица ЉУБЕВСКА